**МЕЃУНАРОДЕН ТРАНСПОРТ И ШПЕДИЦИЈА**

***ЖАС А.Д. -СКОПЈЕ***

# И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2022 год.**

*Февруари 2023 год.*

## 1. ВОВЕД

Годишниот извештај за работењето го опфаќа работењето на Друштвото во периодот од Јануари-Декември 2022 година. Извештајот дава вистинска и објективна слика за нашето работење, вклучувајќи податоци за промените на Македонските пазарни услови во кои работевме, како и преглед на состојбата на приходите и расходите.

## 2.ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Назив на друштвото | Меѓународен транспорт и шпедиција ЖАС АД Скопје |
| Седиште на друштвото | Ул.Перо Наков бр.1 Скопје |
| Матичен број | 5196043 |
| Даночен број | 4030998471487 |
| Шифра на дејност | 68.10 |

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

Во своето работење друштвото е изложено на повеќе ризици: пазарен ризик, кредитен ризик, ризик од промена на каматни стапки, ризик од неликвидност и ризик од финансирање. Од сите ризици друштвото се штити со изнаоѓање и примена на соодветна политика и стратегија, како и изнаоѓање начини за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти од ризиците.

## 4. ЕКОНОМСКО ОПКРУЖУВАЊЕ

Економскиот амбиент во Република Македонија во текот на 2022 год. го карактеризираат следните показатели:

- Стапката на раст на бруто домашниот производ се движеше од 2,4 % во првото тримесечје до 0.6 % во четвртото тримесечје од 2022 год.
- Индексот на индустриското производство во период јануари-декември 2022год. во споредба со минатата година изнесува 99.7
- Годишната просечна стапка на инфлација во периодот јануари-декември 2022 год. изнесува 14.2%.

Со оглед на околностите и предизвиците од гледна точка на економските збиднувања како на глобален така и на домашен план се рефлектираа и на работењето на МТШ ЖАС АД СКОПЈЕ.

## 5. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

Од прикажаниот извештај се уочува дека 2022 година друштвото ја има завршено со негативен финансиски резултат во износ од 126.214,00 денари која во однос на претходната 2021 година е за 13,33% намалена.

## 6. ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО

| Ред. Бр. | Глобални елементи | Остварени резултати во 2021 год. | Остварени резултати во 2022 год. | Индекс 2021/2022 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупни приходи | 103.910.00 | 109.599.00 | 105,47% |
| 2. | Вкупни трошоци | 249.534,00 | 235.813,00 | 94,50% |
| 3. | Загуба пред оданочување | 145.624,00 | 126.214,00 | 86,67% |
| 4. | Данок од добивка | / | / | / |
| 5. | Загуба по оданочување | 145.624,00 | 126.214,00 | 86,67% |

Вкупните приходи бележат пораст во однос на 2021 год за 5,47%. Вкупните трошоци бележат намалување за 5,50% во споредба со 2021 година, како И загубата по оданочување која е намалена за 13,33% во однос на претходната година.

Погоре прикажаните резултати покажуваат дека друштвото во 2022 година не работи.

**7. Ризици**

Со состојба на 31 Декември 2022 година, тековните обврски на друштвото се повисоки од тековните средства за износ од 49.454.856,00 денари, додека вкупните обврски се повисоки од вкупните средства во износ од 48.746.730.00 денари. (Друштвото има негативен капитал).

Овие фактори укажуваат на значајна неизвесност.

На крајот на 2017 година ЖАС АД Скопје го изгуби меѓународниот спор за штета на странски правни лица, за чиј износ, кој во време на водење на спорот изнесуваше 18.030.000.00 денари, друштвото има извршено резервирање.

Наведениот спор потекнува од 1990 год. и со неговото губење друштвото се доведе во голема неизвесност.

За спорот друштвото има добиено Извршно решение со кое е блокирана и сметката на друштвото.

ЖАС АД Скопје